**20260290396**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22, 81/22, 206/22, 43/23, 123/23, 223/23, 82/24, 188/24, 26/25, 88/25 и 157/25), во членот 4 став (1) во алинејата 1 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во алинејата 2 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и”.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- промоција на флаширано квалитетно македонско вино кое има освоено најмалку една специјализирана награда, златен или сребрен медал на меѓународни и регионални натпревари за вино, преку дипломатските претставништа на Република Северна Македонија.“.

Во ставот (2) во воведната реченица по зборовите „од ставот (1)“ се додаваат зборовите „алинеи 1 и 2“.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- изнајмување на сали за промоција и/или за одржување на мастерклас;“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Прифатливите трошоци за поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој член се за:

- патни трошоци во економска класа;
- сместување за најмногу две ноќевања по лице (не повеќе од хотелско сместување со четири ѕвезди) и
- транспорт на вината кои се предмет на промоција (примероци за презентација и дегустација).“.

Ставот (3) станува став (4).

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) Максималниот износ на поддршката од ставот (1) на овој член по корисник, согласно средствата обезбедени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој изнесува:

- 7.000.000 денари по саем за поддршката од ставот (1) алинеја 1 на овој член;
- 1.500.000 денари по промотивен настан за поддршката од ставот (1) алинеја 2 на овој член и

- 600.000 денари по промоција за поддршката од ставот (1) алинеја 3 на овој член, која вклучува покривање на трошоци за најмногу едно лице – претставник на економскиот партнер и најмногу за едно лице од секоја винарија која учествува на промоцијата.“.

Ставот (5) станува став (6).

По ставот (6) кој станува став (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Корисници на техничката поддршка и субјекти кои можат да учествуваат во постапката за доделување на средства за техничката поддршка од став (1) алинеја 3 на овој член се економските партнери кои ја претставуваат винската индустрија, запишани во евиденцијата во Министерството. “.

Член 2

Во членот 11  ставот (4) се менува и гласи:

„Средствата за техничката поддршка од член 3 став (1) алинеја 2 и член 4 став (1) алинеја 1 од оваа уредба ќе се реализираат со:

- договор склучен пред одржување на манифестацијата/саемот помеѓу Министерството и организаторот на манифестацијата/саемот и/или правното лице кое е овластено од организаторот за изработка на штандови и уредување и опремување на изложбен простор и

- договор склучен помеѓу Министерството и економските партнери на Министерството кои учествуваат на манифестацијата/саемот, по претходно доставен предлог за учество.“.

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Средствата за техничката поддршка од член 4 став (1) алинеја 3 од оваа уредба ќе се реализираат по доставено барање од економските партнери до Министерството за користење на техничката поддршка.“.

Ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (7), (8), (9), (10) и (11).

Во ставот (11) кој станува став (12) зборовите „(5) и (7)” се заменуваат со зборовите „(5) и (8)”.

Во ставот (12) кој станува став (13) зборовите „ставот (8)” се заменуваат со зборовите „ставот (9)”.

Ставот (13) станува став (14).

Член 3

Во членот 12 во ставот (1) зборовите „член 4 став (6)“ се заменуваат со зборовите „член 4 став (7)“.

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„(4) За техничката поддршка од член 4 став (1) алинеја 1 од оваа уредба, економските партнери поднесуваат предлог за учество на саеми до Министерството кој содржи:

1. Податоци за предлагачот (економски партнер на Министерството):

- кратко резиме на организацијата – економски партнер;

- податоци за правните лица кои се членки на организацијата (назив, седиште, телефон);

- контакт податоци за лицето од кај предлагачот што е одговорно за промоцијата;

- вид на производот кој е предмет на промоција;

- податоци за репрезентативност на организацијата (годишни производни количини – сумирано од членките, извозни количини, извозни дестинации со процентуален извоз по дестинација) и

- извозен потенцијал.

2. Анализа на таргетираните пазари (по таргет пазар за категорија производ):

- потрошувачка, увоз-извоз;

- карактеристики на пазарот (годишна потрошувачка по глава на жител, навики на потрошувачите, преференци на потрошувачите во однос на производот);
- анализа на конкуренција (главни домашни и увозни конкуренти и ценовна анализа);
- опис на маркетинг каналите (главни дистрибутери, ланци маркети, онлајн продажба итн.);
- регулаторни, трговски и други бариери во таргетираниот пазар и
- SWOT анализа по таргет пазар,

3. Предлог листа на саеми од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој:
- назив на саем и период на одржување;
- тип на саем (Б2Б, Б2Ц, за што е специјализиран);
- статистички податоци за посетеност;
- потребна квадратура за промоција;
- период на пријавување;
- потребна опрема;
- број и назив на правни лица излагачи;
- услови за плаќање (авансно пред одржување на саем или по одржување) и
- предлог буџет за секој саем поединечно (врз основа на официјалните ценовници на саемите) и

4. Влијание:
- очекувани ефекти од промоцијата;
- да се дефинираат показатели на успешност на мерката врз основа на реалните очекувања во однос на зголемување на извоз и
- предлози на економските партнери за зголемување на влијанието.

(5) За техничката поддршка од член 4 став (1) алинеја 3 од оваа уредба, економските партнери кон барањето за користење на средства ги доставуваат следните докази:
- фактура, фискална сметка и/или извод од банка за платени авионски билети;
- фактура, фискална сметка и/или извод од банка за реализирано сместување (не повеќе од хотелско сместување со четири ѕвезди);
- фактура, фискална сметка и/или извод од банка за платена услуга за меѓународен транспорт на вината кои се предмет на промоција;
- сертификат, диплома и/или потврда за освоена најмалку една специјализирана награда, златен или сребрен медал на меѓународни и регионални натпревари за вино и
- извештај од економскиот партнер за спроведената промоција“.

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13) и (14).

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 57-842/6
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.